Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**Архивски бр. УП1-15-421/2021**

02 -04- 2021

**Дата:**

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис

**ДО: Министерство за транспорт и врски**
**Ул. Даме Груев бр. 6**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Достава на Решение за Спроведување на стратегиска оцена**

**Врска: Ваш бр. 02-2371/1 од 23.03.2021 година**

Почитувани,
Во врска со Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на влијание врз животна средина поврзано со **ДУПД за брана и акомулација „Слупчанска река", КО Слупчане и КО Руница – Општина Липково,** (**допис 02-2371/1 од 23.03.2021 година**) а врз основа на Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), член 65 став 15 – Министерство за животна средина и просторно планирање донесе Решние со кое ве задолжува да спроведете постапка за Стратегиска оцена на влијание врз животна средина поврзано со **ДУПД за брана и акомулација „Слупчанска река", КО Слупчане и КО Руница – Општина Липково.**
Со почит,

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР**
**Д-р Христина Оџаклиеска**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје

Изработил: Милева Тагасовска

Проверил: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи

**ПРИЛОГ: Решение за спроведување на**
**на стратегиска оцена со бр. УП1-15-421/2021 год.**

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

02-04-2021

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис

**Правен основ**

Врз основа на член 65 став 13 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Министерот за животна средина и просторно планирње донесе.

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за спроведување на стратегиска оцена**

За изработка **ДУПД за брана и акомулација „Слупчанска река"**, КО Слупчане и КО Руница – **Општина Липково,** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

**Образложение**

Министерството за транспорт и врски донело одлука за неспорведување на стратегиска оцена **бр. 02-2371/1 од 23.03.2021 година за ДУПД за брана и акомулација „Слупчанска река", КО Слупчане и КО Руница – Општина Липково.** Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена заедно со формуларите на ден 25.03.2021 година е доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање.

По разгледувањето на Одлуката, формуларите и другата придружна документација, Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Министерството за животна средина и просторно планирање по разгледувањето на приложената документација, констатира дека **ДУПД за брана и акомулација „Слупчанска река", КО Слупчане и КО Руница – Општина Липково,** планскиот опфат ќе има влијание врз животна средина. Преставува план кој преставува плански документ од повисоко ниво за кој задолжително се спроведува стратегиска оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето.

Исто така веќе имате сработено **Студија за ЕИА** што е одличен показател дека треба да се изработи Стратегиска оцена на влијанието на животната средина.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова решението до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Со почит

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
**д-р Христина Оџаклиеска**

Изработил: Милева Тагасовска
Проверил: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи

**Доставено до:**
- Архива
- Органот

* Решението се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање www.moepp.gov.mk